# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

## ФЕВРУАРИ 2021




Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел. 02 3224 229



# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

После падот на повеќето индекси во јануари (заради "војната" помеѓу малите инвеститори и големите хеџ фондови), акциските индекси забележаа значителен раст во текот на месец февруари.

Најголем раст во текот на месецот имаа американските акции со раст на индексот од 2,61% (мерени преку S&P 500 индексот) и европските акции чија вредност се зголеми за 2,31% (мерени преку STOXX 600 индексот).

Од почеток на годината, најголем раст на вредноста имаат акциите од земјите во развој чија вредност се зголеми за 3,72% (мерени преку MSCI Emerging Market индексот) и акциите од Азиа - Пацифик регионот со раст од 3,33% (мерени преку MSCI Asia - Pacific индексот).




MSCI Asia - Pacific - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик
MSCI Emerging Market - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој
STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави

Извор: Блумберг



КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ




Извор: Блумберг

Во овој месец вредноста на МБИ 10 индексот се зголеми за дополнителни 2,25%, со што индексот заврши со вредност 6,41% повисока во споредба со нивото од почетокот на годината.

Во текот на месецот акции кои имаа значителен раст беа акциите на Стопанска Банка Битола со раст од 18,95% и Гранит со раст од 7,59%, а пад имаа само акциите на Макпетрол чија вредност се намали за 3,40% .

Од почеток на годината најголем раст на вредноста имаат акциите на Стопанска Банка Битола со раст од 19,36%, Гранит со раст од 16,18% и Македонија Турист со раст од 10,39%.

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk



Стравот од можност за нагло зголемување на стапките на инфлација од една страна и најавите монетарните власти за продолжување на политиката на ниски каматни стапки доведе до релативно голема волатилност на приносите на државните обврзници која на крај на месецот резултираше и со зголемување на истите. На крајот на месец февруари највисок принос од анализираните обврзници имаа македонската и американската обврзница со принос од 1,44% и 1,41% соодветно, додека германската и швајцарската обврзница имаа најниски приноси од -0,26% и -0,19% соодветно.

## ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ




* Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 06/03/2026
Извор: Блумберг



# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец февруари најголем пад во однос на еврото имаа швајцарски франк (CHF) со пад од 1,48% и јапонскиот јен (JPY) чија вредност се намали за дополнителни 1,21%, додека најголем раст имаше британската фунта (GBP) со раст од 2,24%. Од почеток на годината најголем пад во однос на еврото имаат јапонскиот јен (JPY) чија вредност се намали за 1,90% и швајцарски франк (CHF) со пад од 1,45%, а додека најголем раст во однос на еврото имаа британската фунта (GBP) и кинескиот јуан (CNY) со раст од 3,17% и 2,01% соодветно.

